SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# ПРИРАЧНИК

## ЗА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ПОЛИТИКАТА

## НАМЕНЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ



**Авторки:**
**Даниела Стојановска Џинговска**
**Сандра Пешевска Мицковска**

Прирачникот е изработен во рамки на проектната иницијатива „Инклузија на лицата со попреченост во политиката“, предводена од Лидија Ѓорѓевиќ-Обединета младина за Македонија.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

National Youth Council of Macedonia

IFES
Global Expertise. Local Solutions. Sustainable Democracy.

# СОДРЖИНА

Наместо предговор
4

Кои се лицата со попреченост
5

Дефиниција, терминологија и карактеристики за лицата со попреченост
6

Попреченоста низ призма на законската регулатива
20

Општ бон-тон за лица со попреченост
31

Препораки приоритети за системски решенија
41

# ПРИРАЧНИК НАМЕНЕТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ



# НАМЕСТО ПРЕДГОВОР

Прирачникот е наменет за сите членови на политички партии, подмладоци на политички партии, сениори, носители на функции во политичките партии,  сегашни и идни претседатели, лидери, симпатизери на политичките партии.

За сите останати чинители кои на директен или индиректен начин се вклучени во политичките партии. Прирачникот е наменет и за сите креатори на политиките во нашата држава.

Овој прирачник може да им послужи на сите коишто имаат потреба од него.

Креиран е на лесен, едноставен и разирлив начин, во него ќе ги најдете основните информации на тематиката поврзана со лицата со попреченост.

Се надеваме дека овој прирачник ќе го користите одговорно се со цел да придонесете за општото добро на сите.

Се надеваме дека сите политички чинители анализирајќи се и надоградувајќи се себеси ги апсолвирале и надминале предрасудите, стереотипите и стереотипните однесувања кон сите **РАЗЛИЧНОСТИ** почнувајќи од боја на кожа, раса, религија, **ВКЛУЧИТЕЛНО И ПО ОДНОС НА ПОПРЕЧЕНОСТА.**

На тој начин  неоптеретени со нив го даваат својот максимум  на **ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.** На соодветен начин им ги пренесуваат своите знаења и искуства, **НО И ЦЕЛОСНО И НА СООДВЕТЕН НАЧИН И ПРИСТАП  ГИ ВКЛУЧУВААТ ВО СВОИТЕ ПАРТИИ.**

Авторките на прирачникот како и носителката на проектната иницијатива во овој прирачник се залагаат за користење на терминот - лица со попреченост.

Сите останати термини користени во овој прирачник а коишто се однесуваат на лицата со попреченост се превземени од користената литература како и од Правилникот  за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој.

# КОИ СЕ ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ?

Лица со попреченост имаат долготрајни физички, интелектуални, ментални или сетилни оштетувања, кои во интеракција со различни бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството врз еднаква основа со другите,

**Лицата со попреченост се исти како и останатите лица**, но во одредени области или периоди им е потребна одредена поддршка или помош во извршувањето на одредени секојдневни работи, кои другите лица ги извршуват без помош. Според Светска здравствена организација, 15 % од населението во светот има некој тип на попреченост.

Таа ги вклучува лицата кои имаа оштетен вид, оштетен слух, или имаат други физички оштетувања, интелектуални нарушувања односно интелектуална попреченост. Попреченоста не разликува пол или возраст. Лицата со попреченост можат да се најдат во секоја возрасна група, и меѓу мажите и меѓу жените.

Стигмата, предрасудите и одбивањето на пристап до здравствените услуги, образованието, работните места и целосното учество во општесттвениот и политичкиот живот, ја зголемуваат веројатноста дека лицето со попреченост ќе живее во сиромаштија.

Во секојдневното живеење на лицата со попреченост најчесто им се негира правото да одлучат каде и со кого ќе живеат, ќе се образуваат, ќе одат на работа, па дури и правото на избор за тоа што да јадат, што да облечат или што да пазарат.



# ДЕФИНИЦИЈА, ТЕРМИНОЛОГИЈА И КАРАКТЕРИСТИКИ ЗА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ[1]

Дефиницијата на попреченоста е исклучително важно прашање затоа што многу често се меша социјалната заштита со создавањето услови за еднакво користење на правата и слободите на лицата со попреченост.

Терминолошката неусогласеност „рашомонијада“ кога се зборува за лица со попреченост се гледа почнувајќи од Уставот на РСМ каде лицата со попреченост се дефинирани како лица со инвалидност, како и во многу закони каде за лицата со попреченост се употребуваат различни термини и тоа: инвалидни лица, инвалидизирани/лица, лица со хендикеп, со посебни потреби, со пречки во развојот, итн.

Согласно Правилникот  за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој - Сл.Весник бр.172 од 12.09.2016 година, лицата со попреченост во менталниот или телесниот развој, се поделени во следниве категории[1]:

1. Лица со оштетен вид (слабовидни и слепи);
2. Лица со оштетен слух (наглуви и глуви);
3. Лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
4. Лица со пречки во телесниот развој;
5. Лица со попреченост во менталниот развој (лесна, умерена, тешка и длабока);
6. Лица со аутизам и лица со друго перварзивно развојно растројство;
7. Хронично болни лица; и
8. Лица со повеќе видови на попреченост (лица со комбинирани пречки во развојот)

[1]Правилникот  за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој Сл.Весник бр.172 од 12.09.2016 година

# Карактеристики на лицата со оштетен вид (слабовидни и слепи)

Претставата што се стекнува во услови на апстиненција на видот, а врз основа на другите контактни сетила (допир мирис вкус и вибрација) намето објективен податок во свеста формираат еден замислен свет, податок, претстава.

Со други зборови лицето со оштетен вид, чувствата ги стекнува по пат за сетилото на слух (аудативна слика), сетилото за допир, (хаптичка слика), на движењето (кинотецка слика), повеќе ги поврзува предметите, чувствата според тоа како ги доживеало, (што било прво, што било второ, а што следно потоа) што значи по временски ред, а не по просторен.

Тоа е разбирливо бидејки ориентацијата во просторот е една од доминантните секвенции на сетилото. Така доаѓаме до другата психолошка консеквенција на целосното оштетување на видот - слепилото а тоа е движењето во просторот, моталитет, ориентација на просторот кај слепите постојат големи разлики.

Едните по првото искуство се движат не губат ориентација, не се судираат, и не се сопнуваат, значи таа способниост за забележување и избегнување на пречките ги довела некои автори да создаваат теорија на шесто сетило.

Наскоро е потврдено дека такво сетило не постои туку тоа е префинето сетило на слухот и допирот што му помага на лицето лесно да ги совлада пречките на кои наидува.

Тоа се постигнува со вежби затоа што загубата на видот бара лицето со оштетен вид, постојано да го наслушува и да го забележува ехото на своите чекори или стапот на подлогата што го информира за пречките.

Сетилата за слух  и допир се токму оние од кои лицата со оштетен

вид  го гледаат светот па  Монтеј вели: "Со сетилото на видот ние влегуваме во животот и светот, но преку сетилото за слух и допир светот и животот влегуваат во нашата свест". Од таму кога лицата со оштетен вид сакаат нешто да запознаат едноставно ќе речат, „дај ми да видам т.е. да допрам".

Кога се работи за интелегенцијата кај лицата со оштетен вид може да се каже дека нема големи разлики во однос на лицата што немаат пречки во видот, ако се третираат на идентичен начин и ако им се овозможат еднакви услови за развој и образование.

Слепилото како последица на оштетувањето на очите не ја намалува способноста за интелектуален развој затоа што не го оштетува мозочното ткиво.

Само во услови на едукативна и социјална запоставеност доаѓа до запоставување, што всушност постои и кај лицата кај кои е зачувано сетилото за вид, затоа што не се сите со еднаква интелигенција.

Говорот кај лице/дете со оштетен вид подоцна се развива, тоа доаѓа оттаму  што за развој на говорот не е потребно само акустична туку и визуелна компонента, затоа што визуелната компонента влијае врз правилното воочување на артикационите движења на изворот на одделните гласови, а не само на повратна акустична спрега.
Дури и кога лицата со оштетен вид ќе ги осознаат зборовите-говорот, во процесот на едукацијата се забележува одредена празнина во семантички поглед, зборовите како да се празни и незаситени со содржина.

Сосема е поинаква психолошката карактеристика на лицата/децата што гледале, а потоа го загубиле видот. Кај нив постојат визуелни претстави, поимите се значителни покомплексни и поопширни.

Кога се зборува за основните карактеристики на лицата/децата со оштетен вид, слабовидите деца/лица, пред сè треба да се напомене дека тие се деца/лица како и сите останати кои немаат попреност, тоа значи дека и тие се развиваат според општите

законитости на детскиот развој со тоа што некои отстапувања што можат да се јават, а кои се условени од оштетувањето на видот, се огледуваат во начинот на кој таа општа законитост се остварува.

На овие деца/лица треба да им се овозможи примена на лични форми на стимулација. Поради оштетувањето на видот овие лица се пасивни, помалку подвижни искажуваат незаинтересираност и не можат да го следат однесувањето на другите луѓе.




**Кирис Хабиб**
16-ти поручник гувернер на Вашингтон

# Карактеристики на лица со оштетен слух (наглуви и глуви)[2]

Кај детето/лицата со оштетен слух се јавуваат одредени карактеристични манифестации: не може да го слушне мајчиниот глас, нејзиното смеење, плачење, пеење, пред сè нејзиниот говор. Токму овие средства служат за пренесување, разбирање и секако подоцнежен развој за емоциите на детето.

Детето со оштетен слух има поинаков плач од другите деца, бидејќи нема акустечни побуди од сопственото плачење. Овие деца, генерално се понервозни, со рачињата се држат за увото, не се будат на силен шум и не реагираат кога ќе се изговори нивното име и кога ќе бидат повикани.

Во подоцнежниот период од развојот се јавуваат некои евидентни манифестации: несигурно одење кое се јавува како резултат на оштетувањето на вестибуларниот апарат, престанување на гукање, бидејќи нема повратна информација - feed back, детето не обрнува внимание на било кој извори на звук.

Децата кои имаат некакви оштетувања на слухот, слушаат само групи на гласови со висок интензитет додека другите гласови не ги повторуваат. Тие силно тропаат со предметите со коишто си играат бидејќи силниот звук не ги надразнува слушните остатоци. Реагираат само на викање, но не и на нормален говор со послаб интензитет.

Детето со оштеетн слух не може вербално да ги искаже своите чувства, потреби и идеи, не може да ги разбере истите и кај другите во услови на сопствена хипоакузија ќе го репродуцира говорот онака како што го слуша, а со тоа многу гласови ќе ги изговори погрешно, а зборовите ќе му бидат тешко препознатливи.

[2] Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска – Трајковска "Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје 2008, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје, Филозофски факултет – Институт за дефектологија.

# Карактеристики на лица со пречки во гласот, говорот и јазикот

Со пречки во говорот и гласот се оние лица чиј говор не одговара на нивната возраст или не е разбирлив, граматички и семантички неисправен и неизграден, со конвузивни (грчевити) пречки во механизмот и автоматизмот на говорот заради што е потребен логопетски третман и лекување.

Според видот и степенот на нарушувањата на вербалната комуникациј лицата се распоредуваат во следниве групи:

- лице со потполно отсуство на говор кое се нарекува алалија
- лице со патолошки говорен развој
- лице со тешка назализација, ринолалилија (говор со призвук на зборување на нос)
- лице со отсуство и тешко оштетување на гласот афонија и дисфонија
- лице со тешко оштетен говор поради детска, церебрална парализа
- лице со аутизам и лице со друго первазивно развојно растројство
- лице со оштетен или изгубен порано стекнат говор-афазија и дисфазија
- лице со комбинација од горенаведените пречки

# Карактеристики на лица со пречки во телесниот развој

Лице со пречки во телесниот развој е лице со состојба на намалување или губење на функционалната способност на еден или повеќе делови на телото со што значително се намалува способноста на лицето во задоволувањето на основните животни потреби.

Според степенот на оштетувањето лицата со пречки во телесниот развој се распоредуваат во следните групи:

- Лице со тешки пречки во телесниот развој е лице кое може самостојно да ги задоволува своите потреби со соодветни ортопедски помагала или адаптација на физичката средина;

- Лице со потешки пречки во телесниот развој е лице кое може самостојно да ги задоволува своите потреби само со помош од друго лице и

- Лице со најтешки пречки во телесниот развој е лице кое има потреба од постојана грижа и нега во задоволување на основните животни потреби

Психолошкото значење на телесната попреченост претставува голем проблем.

Под т.н.”Психолошка димензија” се подразбираат сите субјективни доживувања и секундарни ефекти на личноста која е погодена од телесното оштетување, од една страна и значењето кое средината го придава на оштетувањето преку ставовите, односите и реакциите од друга страна.

Под влијание на разни фактори на сите полиња на функционирање на лицето со телесна попреченост може да се јават оштетувања на моторно, социјално и интелектуално поле.

Секое дете/лице со телесна попреченост има можност да се развива адекватно и да се изгради во нормална личност, со сите способности што ги дозволуваат неговите потенцијали, капацитети и со толку ограничувања колку што неговото примарно телесно оштетување наметнува.

Дали тоа дете/лице ќе се развие во опсегот на своите реални потенцијали зависи вoглавно од психолошките и социјалните услови на развојот.



**Тами Дакворт**
Херојка од војната во Ирак и американска политичарка

”

**Жените кои го ризикуваат својот живот за нашата земја**

**заслужуваат подобар третман,**

**отколку да бидат третирани како граѓани од втор ред.**

“



# Карактеристики на лица со попреченост во менталниот развој (лесна, умерена, тешка и длабока)[3]

Интелектуална попреченост претставува состојба на забавен или непотполн психички развој кој особено се карактеризира со нарушување на оние способности кои се појавуваат во тек на развојниот период и кои придонесуваат за општото ниво на интелегенција како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности.

Лице со попреченост во менталниот развој е лице со забавен или непотполн психички развој кој особено се карактеризира со нарушување на оние способности кои се појавуваат во текот на развојниот период и кои придонесуваат за општото ниво на интелигенцијата, како што се когнитивните, говорните, моторните и социјалните способности.

Лицата со попреченост во менталниот развој се распоредуваат во следните групи :

- лице со лесна попреченост во менталниот развој е лице кое се карактеризира со благо намалување на нивото на интелектуалните, говорните, јазичните, моторните и социјалните способности; зборува со извесно задоцнување, но може да го користи говорот во секојдневниот живот. На стандардизираните тестови за интелигенција, коефициент на интелегенција ориентационо се движи во рамките од 50 до 69;

- лице со умерена попреченост во менталниот развој покажува забавен развој и ограничени достигнувања во доменот на развојот и употребата на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе. На стандардизираните тестови за интелегенција коефициентот на интелигенција ориентационо се движи во рамките од 35 до 49;

[3] Правилникот за оцена на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој Сл.Весник бр.172 од 12.09.2016 година

- лице со тешка попреченост во менталниот развој е слично на лице со умерена попреченост во менталниот развој по клиничката слика, присуство на органска етиологија и придружни оштетувања, но со значително ограничување на достигнувањето во областа на говорот и јазикот, моторните способности и грижата за себе, изразени моторни и/или други придружни попречености кои укажуваат на присуство на значајно оштетување или пореметување во развојот на централниот нервен систем. На стандардизираните тестови за интелигенција коефициентот на интелигенција ориентационо се движи во рамките од 20 до 34, и

- лице со длабока попреченост во менталниот развој се карактеризира со изразена ограничена способност за разбирање и прифаќање на барањата или упатствата, има зачувана способност за многу рудиментарни форми на невербална комуникација, полуподвижно или неподвижно, неспособно за волева контрола на сфинктерит, кое поседува мали или скоро никакви способности да се грижи за себе, поради што му е потребна постојана помош и надзор.

На стандардизираните тестови за интелигенција, коефициентот на интелигенција ориентационо е под 20.

Децата/лицата со интелектуална попреченост имаат исти основни физиолошки, социјални и емоционални потреби како и сите останати деца/лица. Нивниот развој ги следи истите законитости на развојот кои важат за децата/лицата од општата популација, но темпото им е изразито забавено, а според степенот на интелектуалната попреченост лимитирано.

Овие пречки некогаш се препознаваат веднаш по раѓањето или се забележуваат покасно, кога ќе се забележи дека детето не се однесува вообичаено за неговата возраст.

Пречките во развојот се јавуваат во вид на:
- недостаток на моторна контрола и слаба координација
- сензорни пречки од различен степен
- забавен развој на јазикот и говорот
- оштетување на сознајните функции

# Лица со аутизам и лица со друго перварзивно развојно растројство[4]

Лице со аутизам и лице со друго перварзивно развојно растројство е лице кое се карактеризира со квалитативно оштетување на реципрочните социјални интеракции, на невербалната и вербалната комуникација и имагинација и ограничен број на активности и интересирања, пропратено со најразличен степен на попреченост во менталниот развој, различни невролошки знаци, епилепсија и различни бихевиорални синдроми на агресија, автоагресија, деструктивност.

Аутизмот е еден од најтешките нарушувања во развојната возраст која се јавува уште од најраното детство, го загрозува нормалниот развој на детето и неговото подоцнежно оспособување за самостоен живот.

Најголем број деца со аутизам не можат да се вклучат во отворената социјална средина и во играта и учењето на своите врсници. Самиот збор аутизам се исповетува со спортскиот термин АУТ кој значи надвор од игра, надвор од случувањата околу себе, прекината врска со реалноста.

Кај детето со аутизам се работи за первазивно психичко растројство кое обично нема период на нормален развој (примарен аутизам) или растројство кое се јавува во текот на втората третата година (секундарен аутизам).

Во секој случај проблемот се евидентира до третата година, бавно и скоро незабележително. За разлика од типичниот аутизам постои т.н. атипичен аутизам кој се разликува во однос на возраста кога се јавува (може прво пат да се јави и после третата година), патолошкото растројство немора да се јави во сите три области, а најчесто се јавува кај лицата со тешка интелектуална попреченост и се јавува и кај лицата кои покажуваат тешки развојни растројства

4 Проф. Д-р Ристо Петров, Лаура Ѓурчиновска, Наташа Станојковска -Трајковска "Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност", Скопје 2008, ФилозофскиФакултет – Институт за дефектологија. 29 Трајковски, В., 2004: „Аутизам", Философски факултет, Институт за дефектологија, Скопје.

во рецептивниот говор. Кај децата со аутизам присутни се одредени промени:

- емоционалниот живот се јавува бавно или не се развива. Емоциите не се во состојба да се интегрираат со целосното доживување со реалноста и тие не може да се структурираат по временски редослед

- детето не ја забележува реалноста или едвај ја забележува, а димензиите на простор и време во неговото живеење како да не постојат

- ако аутизмот рано се јави тогаш говорот не се развива, а кога тој веќе се развил покажува тенденција на забавување или пропаѓање. Тој не му служи на лицето за комуникација со околината

- интелектуалниот развој редовно трпи сериозни промени, особено кај децата каде аутизмот се јавува рано, а децата кои достигнале одреден степен на интелектуален развој функционираат под тоа ниво поради општата неможност детето со аутизам да го користи својот сознаен капацитет

- перцепциите особено слушните се забавени поради отежнатото распознавање, модулирање и интегрирање на сензорните дразби, па така децата оддаваат впечаток дека се со оштетен слух

- играта на детето со аутизам е поедноставна

- нарушена е свесноста за себе (кое е тоа) поради растројството на димензиите простор и време

- наместо да развиваат топли односи со родителите главно се ангажирани за само стимулативни однесувања (нишање на телото, вртење на главата итн.)

- воопшто не ги интересираат децата кои си играат покрај нив. Детето со аутизам е потполно затворено во себе




**Вилхелм II, последниот германски Кајзер**

Левата рака му била околку 15 см пократка од десната како резултат на Ербова парализа

„

**Се гледам себеси како инструмент на Семоќниот и продолжувам по својот пат, без оглед на минливите мислења и ставови.**

“



# Хронично болни лица

1. Хронично болно лице е лице со најтешки облици на хронично заболување и сериозно нарушена здравствена состојба и лице со пореметувања на психомоториката. Лице со најтешки облици на хронично заболувања и сериозно нарушена здравствена состојба е лице со срцеви заболувања, хемофилија, дијабетес, леукемија, потежок облик на бронхијална астма, хемиплегија, параплегија, артритис, реуматизам, лице на дијализа и лице со цистична фиброза.

2. Лица со пореметувања на психомоториката се распоредуваат во следните групи:

- Прва група: лице со пореметување на психомоториката како резултат на дисхармоничен тек на развојот на психомоторниот спрег:

- Втора група: лице со пореметување на психомоториката како резултат на забавен развој на поодлни структури на психомоторниот спрег, и

- Трета група: лице со пореметување на психомоториката во склоп на општите емоционални пореметувања и пореметувања на интелигенцијата.

# Лица со повеќе видови на попреченост (лица со комбинирани пречки во развојот)

Лице со повеќе видови на пречки/попреченост (со комбинирани пречки) во развојот е лице кај кое се присутни по две или повеќе видови на попреченост.

# ПОПРЕЧЕНОСТА НИЗ ПРИЗМА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА[5]

Обезбедувањето на еднакви можности за образование, пристап до здравствени услуги – аптеки и лабораторији, амбуланти, педијатри, општи лекари, гинеколози, уролози, стоматолози итн; образовни институции – социјални услуги (центри за социјална работа, градинки, шелтер центри за семејно насилство), како и кино, музеј, театар, кафулиња и дискотеки е обврска на секоја држава вклучително и на Република Северна Македонија која оваа обврска ја презема на 5 декември 2011 година, кога ја ратификуваше Конвенцијата за правата на лицата со пппреченост КПЛП.[5]

Изборното и политичкото право на лицата со попреченост е споменато во член 29 од КПЛП кој се однесува на учеството во политичкиот и јавниот живот.

Лицата со попреченост во Република Северна Македонија се соочуваат со низок степен на учество во политичките процеси и носењето одлуки.

Оваа појава е последица на долгогодишното практикување на медицинскиот пристап кон попреченоста, според кој, на лицата со попреченост се гледа како на предмети за добротворни цели и лечење наместо граѓани со еднакви политички и изборни права.

Според истражувањето на ОБСЕ од 2017 година, 27% од испитаниците од политичките партии сметаат дека лицата со попреченост учествуваат во политичкиот и јавниот живот.

Во истражувањето на Инклузива од 2016 година, само 1% од испитаниците со попреченост се изјасниле дека учествуваат во политичкиот живот.



[5]Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, „Службен весник“, бр.172/2011, од 14. декември 2011 година, достапно на: https://bit.ly/2YsL6af)

Според овие податоци, лицата со попреченост не се доволно вклучени во политичките процеси, додека политиката се занимава со нив и се носат мерки и политики кои директно влијаат на нивните животи, без оглед дали тие се вклучени или не.

Од исклучителна важност е лицата со попреченост да знаат дека имаат право и дека треба да учествуваат во политичките процеси и процесите на донесување одлуки, затоа што само така ќе можат да ги искажат своите потреби и да предложат начини како да се задоволат тие потреби.

Прашањето за еднакво учество на лицата со попреченост во политичкиот живот се препознава како еден од принципите во **Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост, која бара од земјите членки тесно да соработуваат и активно да ги вклучуваат лица со попреченост,** вклучувајќи и нивните застапници и претставници од нивните невладини организации, во креирањето политики и во други процеси во општеството.

**Еден од првите и основните начини на политичко вклучување на лицата со попреченост е нивната вклученост во изборните процеси и остварувањето на основните граѓански права да избираат и да бидат избрани.**

Во овој процес, како и во многу други, постојат низа предизвици, но постојат и можности за нивно надминување. Со поголемо учество во изборните и политичките процеси, лицата со попреченост ќе ги зајакнат другите политички актери, подобро и поефикасно да одговорат на потребите и проблемите на сите граѓани.

Член 29 дава преглед на некои од начините да се постигне тоа преку: „обезбедување процедури, објекти и материјали за гласање кои се соодветни, пристапни и лесни за разбирање и употреба”.

Понатаму, се наведува дека: „се гарантира слободното

изразување на волјата на лицата со попреченост како гласачи, и за таа цел, кога е неопходно, по нивно барање, им се овозможува помош при гласањето од страна на лице по нивен сопствен избор.“

**Според истиот член, лицата со попреченост не само што имаат право, туку имаат и „можност да гласаат и да бидат избрани.**



**Жан-Мари Ле Пен**
Член на Европскиот парламент и трикратен кандидат за претседател
(со оштетен вид на левото око)

”

**Само куршум**

**може да ме запре**

“



Тоа значи дека државите-договорни страни имаат обврска да гарантираат, преку усвојување на позитивни мерки, дека сите подобни лица имаат фактичка можност да ги остваруваат своите гласачки права.

Според тоа, не се смета за доволно само формалното давање на гласачки права на лицата со попреченост; од државите се бара да обезбедат со ресурси отстранување на постојните бариери на кои наидуваат лицата со попреченост.

Според КПЛП во овој член, тие бариери: „треба да се отстрануваат на континуиран и систематски начин, постепено, но без отстапувања".

Вториот клучен концепт е „соодветното приспособување", кое се однесува на поединци кои може да имаат потреби во одредено опкружување кои излегуваат од рамките на општите стандарди за пристапност. Тоа се дефинира како: „неопходна и соодветна модификација и приспособување со кое не се наметнува несразмерно или несоодветно оптоварување, кога тоа е потребно во одреден случај, за да им се овозможи на лицата со попреченост да ги уживаат или остваруваат сите човекови права и основни слободи на еднаква основа како и другите".

Или во пракса, тоа би значело дека лице со попреченост може да побара дополнителни мерки покрај општите правила за пристапност.

Обезбедувањето толкување на знаковниот јазик може да претставува мерка за пристапност или мерка за соодветно приспособување, зависно од ситуацијата.

**На пример, може да постојат најразлични барања за разни политички партии.**

За големите политички партии, толкувањето на знаковен јазик за време на главните состаноци може да се смета за мерка на пристапност. Кај помалите партии, тоа не мора да се практикува, поради финансиските ограничувања. Во исто време, ако

лицето кое бара толкување на знаковниот јазик има интерес да присуствува на помали средби, обезбедувањето толкување може да биде мерка на соодветно приспособување, наместо општ услов за пристапност.

**Државите се обврзани да обезбедуваат универзален дизајн и соодветно приспособување.**

Понатаму се истакнува дека: „бидејќи пристапноста е предуслов за независно живеење на лицата со попреченот и за нивно целосно и рамноправно учество во општеството, немањето пристап до физичко опкружување, превоз, информатичка и комуникациска технологија и објекти и услуги кои се отворени за јавноста, треба да се разгледува во контекст на дискриминација.”
Во врска со изборите, се истакнува дека: „лицата со попреченост нема да бидат во можност подеднакво и ефективно да ги остваруваат тие права ако државите-договорни страни на КПЛП не успеале да обезбедат процедури за гласање, објекти и материјали кои се соодветни, пристапни и лесни за разбирање и употреба.

**Исто така, важна е и пристапноста до политичките состаноци и материјалите користени и употребени од страна на политичките партии или поединечни кандидати кои учествуваат на јавните избори.**

Во спротивно, лицата со попреченост се лишени од нивното право на учество во политичкиот живот на еднаков начин.“
Државите треба: „да воспостават ефикасни тела за мониторинг со соодветен капацитет и мандат заради имплементација и спроведување на плановите, стратегиите и стандардизацијата“.

# Деловна способност на еднаква основа со другите[6]

Ограничувањето на деловната способност во пракса значи дека лицето се смета за неспособно да носи одлуки за сите или за некои области од својот живот, а таквото ограничување може да биде делумно или целосно. Во таквите случаи, законските права се пренесуваат на старател, кој е назначен да ги остварува сите или некои од правата во име на тоа лице.

**Со КПЛП не се поддржува таквиот пристап.**

Наместо да се одземе деловната способност и да постои замена за одлучувањето, КПЛП е насочена на поддршка на лицата со попреченост во остварувањето на нивните законски права, вклучувајќи го и учеството на изборите. Член 12 ги обврзува државите: „да прифатат дека лицата со попреченост уживаат деловна способност на еднаква основа како и другите во сите сфери на животот“.

Членот не предвидува исклучоци, туку се наведува дека државите: „преземаат соодветни мерки за да обезбедат пристап на лицата со попреченост до поддршка која може да им биде потребна во остварувањето на деловната способност“. „Поддршка при одлучувањето“ значи дека лицето може да ја добие неопходната поддршка за да носи одредени одлуки, вклучувајќи и при остварување на гласачките права.

За лице со интелектуална попреченост, на пример, тој механизам може да значи дека судот назначува лице или група лица кои го советуваат лицето со попреченост и му помагаат да го разбере изборниот процес и последиците од неговите/нејзините одлуки, вклучувајќи и за гласањето. На лицето кое е избрано да помага треба со закон да му се дозволи да даде поддршка во процесот на гласање.

[6] Закон за ратификација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност, „Службен весник“, бр.172/2011, од 14. декември 2011 година, достапно на: https://bit.ly/2YsL6af)



**Џордон Стил-Џон**
Австралиски политичар, член на Сенатот што ја претставува Западна Австралија

”

**Ние мора да признаеме дека попреченоста не е предизвикана како резултат на разни медицински нарушувања, туку е всушност создадена од колективниот неуспех на општеството да се прилагоди, прифати и да ги цени нашите способности**

“



**КПЛП особено јасно истакнува дека договорот не дозволува одземање на деловната способност врз основа на менталната или интелектуалната попреченост.**

Јасно е дека ниту општи, ниту поединечни судски одлуки не се прифатлива основа за одземање на правото на глас. Во 2011 година имало случај во кој лица со интелектуална попреченост биле ставени под делумно или целосно старателство и нивните имиња биле автоматски отстранети од избирачкиот список. Комитетот утврдил дека: „исклучувањето од право на глас врз основа на забележана или фактичка психо-социјална или интелектуална попреченост вклучувајќи и ограничување согласно индивидуална проценка, претставува дискриминација врз основа на попреченост“.

**Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 23 декември 2019 година, донесе “Декларација за правото на политичко учество на граѓаните со попреченост”**

Врз основа на Декларацијата Собранието на Република Северна Македонија:

1. Ги поддржува сите иницијативи и активности во насока на заштита и унапредување на правата на граѓаните со попреченост, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на учество на граѓаните со попреченост во политичкиот живот на државата;

2. Ги афирмира учеството и застапеноста на лицата со попреченост вклучувајќи го и учеството на жените и девојките со попреченост во политичките и јавните процеси;

3. Ја истакнува потребата политичките партии, низ процес на меѓусебна соработка, да препознаат дека граѓанските и политичките права на граѓаните со попреченост не се вклучени во законодавството и јавната политика што го оневозможува целосното уживање на тие права и низ конкретни мерки и активности да обезбедат нивно вклучување во своите програми,

почитувајќи ги принципите на родова застапеност;

4. Ги поздравува напорите за примена на универзален дизајн во насока на обезбедување на пристап до јавни места, транспорт, информации, комуникации,технологии, производи, услуги, процеси и процедури за да можат граѓаните со попреченост да ги остварат своите права;

5. Ги поддржува мерките за надминување на бариерите (физички и информативни), со кои се соочуваат граѓаните со попреченост а кои ги оневозможуваат да ги остварат своите политички права, вклучително и правото да бираат и да бидат бирани како кандидати;

6. Се залага за осигурување на пристапен изборен процес за сите граѓани со попреченост пред, за време и по изборите;

7. Ја поттикнува институционалната поддршка на граѓаните со попреченост за развој на нивната политичка кариера и за обезбедување еднакви можности за граѓанско образование и обука за политичка надградба за граѓаните со попреченост;

8. Оценува дека на планот на вклучување на граѓаните со попреченост во политичкиот живот е неопходно да се ангажираат сите надлежни државни органи низ процес на континуирано следење на состојбите и преземање соодветни мерки согласно меѓународните стандарди, особено оние од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и со внатрешното законодавство;

9. Ја потврдува својата позиција на политички субјект кој ќе продолжи активно да соработува со претставниците на граѓаните со попреченост;

10. Ја изразува готовноста да продолжи да ја поддржува и афирмира работата на ИППГ во заложбите за остварување на правата на граѓаните со попреченост.

Согласно, Законот за спречување и заштита од дискриминација Службен весник бр.258 од 30.10.2020 година[7] во Поимникот (член 4) го вметнува поимот Лице со попреченост и вели дека: лице со попреченост е лице кое има долготрајна физичка, интелектуална, ментална или сензорна оневозможеност, што во интеракција со различните општествени бариери може да го спречи неговото целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите. Тука се дефинирани и поимите **соодветно приспособување, пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите и маргинализирана група.**

**„Соодветно приспособување“** е неопходно и соодветно изменување и приспособување потребно во одреден случај, што не предизвикува несразмерно или непотребно оптоварување, а со цел обезбедување на уживањето или остварувањето на сите човекови права и слободи на лицата со попреченост, на еднаква основа со другите. Оневозможување на соодветно приспособување е дискриминација;.

**„Пристапност до инфраструктурата, добрата и услугите“** подразбира преземање на соодветни мерки што осигуруваат дека лицата со попреченост имаат пристап, на еднаква основа со другите, до физичкото опкружување, транспортот, информациите и комуникацијата, вклучувајќи информатички и комуникациски технологии и системи, до други јавни објекти и услуги во урбани и рурални области. Оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите е дискриминација;

„Маргинализирана група“ е група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите.
Член 5 ја препознава попреченоста како дискриминаторска основа или основа за дискриминација.
Според Член 6 од овој закон: “Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување,

[7] Законот за спречување и заштита од дискриминација Службен весник бр.258 од 30.10.2020 година

ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

**Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.”**



Законот за спречување и заштита од дискриминација е во склад со КПЛП која за лицата со попреченост претставува пионерски договор но воедно и „ Устав за лицата со попреченост” со кој се јакнат човековите права на лицата со попреченост и одговорноста која ја имаат државите потписнички.

# ОПШТ БОН-ТОН ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ[8]

**Ќе ве прашам: Колеги, млади луѓе, дали досега воопшто сте се сретнале со лица со било кој вид на попреченост?**

- Ако сте се сретнале веројатно веќе сте научиле некои ситници на кои треба да обрнете внимание, со цел Вашата меѓусебна комуникација да биде што полесна и послободна.

- Исто така, веројатно сте воочиле дека обраќањето кон лицата со попреченост не е тешко, не боли и секако не бара вложување на многу труд и не претставува посебен напор.

- Сепак, стравот од непознатото, предрасудите, неинформираноста и неупатеноста или пак презаштитничкиот став и грижа кон овие лица често Ви ја оневозможува правилната комуникација со овие лица.
Поради погрешниот пристап кон овие лица воопшто, претераната грижа кон нив, често доведува до насилно давање на помош и поддршка во момент кога поддршката воопшто не е потребна и на начин кој може понекогаш дури и да ја повреди личноста со попреченост.

- Кон лицата со попреченост однесувајте се нормално, третирајте ги рамноправни на Вас зошто тие и навистина тоа и се, Ваши рамноправни сограѓани, зошто попреченоста не е болест, туку состојба.

- Кога прв пат ќе се сретнете со лице со попреченост не покажувајте сожалување во пристапот и комуникацијата и при обраќањето не користете термини во деминутив од типот на „душичке", „срценце", „мила", „злато", дури употреба и на деминутиви кај личните имиња како на пример Жарко-Жарче, Искра-Искриче, Даниела-Даниелче  итн.

[8] Д-р Ивана Биліќ, D.Sc. по економија, е доцент при Економскиот факултет, Универзитет во Сплит, e-mail: ibilic@efst.hr, ivanab13@yahoo.com.
Брошура "Бон Тон" Здружение на студенти и млaдици со хендикеп – Скопје, македонско издание (hard-copy верзија) и Удружење студената и младих – Србија "Бон Тон"- (hard-copy српска верзија) и интернет издание на http://www.ush.rs/lat/izdavastvo.html, www.iskra.org.rs/biblioteka_files/bonton.pdf.

- Ако, Ви се причини или помислите дека на лицата со попреченост им е потребна помош прашајте го лицето дали навистина му е потребна помош, поддршка и кој е најдобриот начин да му се помогне,

- Обраќајте му се директно на лицето со попреченост, а не на неговиот родител, партнер, пријател, толкувач или личен асистент и не практикувајте насамо да разговарате со некој од нив, додека лицето со попреченост чека,

- Разговарајте слободно служејќи се со изразите од типот "Се гледаме", "Те поздравувам и трчам понатаму", "Се слушаме", без оглед за каков тип на попреченост се работи кај личноста со која разговарате и немојте воопшто да се плашите од употреба на било која ваква фраза.

- Не го користете најчесто употребуваниот термин „ИНВАЛИД" кога зборувате и му се обраќате на лицето со попреченост. Коренот, потеклото на овој збор е е од латинскиот збор „INVALIDUS" што значи невалиден, невреден, немоќен, слаб. Примената на овој збор ја доведува социјалната средина до креирање на атмосфера која ја оспорува секоја способност на лицето со попреченост, а асоцира на сожалување.

- Секој човек има потреба за движење и од едно место да стигне на друго. Некој ќе се движи споро некој брзо, некој ќе вози велосипед, некој автомобил, а некој ќе вози инвалидска количка или пак ќе користи штаки како помагала и со нив ќе се движи.

- Сите ние имаме исти потреби само начинот на задоволување на тие потреби е различен.

- Користете зборови чиј облик асоцира на активност на пр. „таа е корисник на инвалидска количка" а не „таа/тој е човек во количка" или пак „тој/таа е прикован за количка".

- Не и поставувајте на личноста индискретни прашања поврзани со попреченоста освен ако со таа личност не сте блиски.

- Бидете трпеливи и земете предвид дека на лицето со попреченост можеби му е потребно повеќе време нешто да сработи, да реши некоја задача па дајте му го времето кое му е неопходно. (ова се однесува скоро на сите видови на попреченост ).

- Не ја фалете претерано личноста со попреченост за добро завршените секојдневни активности.

- Никогаш не дозволувајте попреченоста да има влијание за формирањето на оценката за сработеното кај лицето со попреченост, трудете се оценката колку што е можно повеќе да соодветствува со реалното знаење и капацитет на лицето.

- Само ако од лицето со попреченост сте учтиво замолени да ги фатите неговите помагала (штаки, стап или инвалидска количка) за да му помогнете направете го тоа, во спротивно не го правете. Не се потпирајте на инвалидската количка бидејќи таа е дел од личниот простор на оној кој ја користи. Оставете и доволно простор за поминување на личноста која користи било какво помагало.

- Обидете се седиштата на Вашата политичка партија или местата каде ги одржувате состаноците (сали, трибини) да обезбедите соодветен пристапен простор за лице со попреченост.

- Доколку постои можност ангажирајте се и погрижете се да обележите едно место коешто секогаш ќе може да го користи лице со попреченост.

## Контакт со лице со оштетен слух

- Во реализацијата на било какви активности говорникот прво треба да се погрижи за наоѓање на погодно место за седење за лицето со оштетен слух да може да го чита неговиот говор од уста.

- Најчести методи кои треба да се користат при излагањето на наставната содржина се: метод на демонстрација, покажување и набљудување кадешто посебно треба да се стави акцент на поими и појави кои се апстрактни, користете што е можно повеќе визуелни помагала.

- Повторувањето е еден од основните начини за утврдување на стекнатото знаење кај лицето со оштетен слух.

- Излагањето треба секогаш да биде кратко, јасно, концизно со претходно познати термини за лицето со оштетен слух. Доколку употребувате нови непознати термини неоходно е да следи разбирливо објаснување со конкретни термини па дури и користење на визуелни помагала. Морате секогаш да бидете свртени со лицето кон личноста со оштетен слух за тој да ги гледа вашите усни и нормално да чита од нив. Зборувањето да биде со нормален интензитет (да не говори многу гласно или дури и да не вика за личноста да чуе, или да не му се зборува директно на уво, мислејќи дека така подобро ќе чуе и разбере), и брзината на говорење да биде нормална (да не зборува брзо за да може да биде разбран).

- Доколку лицето со оштетен слух, Ви се обрати со прашања внимателно слушајте, концентрирајте се и обидете се да го разберете (бидејќи лицата со оштетен слух најчесто и кога имаат солиден и добро разбирлив говор, постојат зборови кои тешко се разбираат), задолжително побарајте лицето да Ви го повтори она кое Вие не сте го разбрале, но никако не глумете дека и по повторувањето сте го разбрале, ако не сте го разбрале, подобро дури и дајте му да Ви го напише она што не го разбирате.

- Не се трудете Вие наместо лицето да ја завршите реченицата по ваша претпоставка дека знаете што сака да каже.

- Ако лицето е со целосно оштетување на слухот првата поддршка која Вие како лица кои не го знаете знаковниот јазик може да му ја дадете на лицето е во меѓусебната комуникација да се допишувате со ливчиња на кои едниот ќе поставува прашања а другиот ќе одговара и обратно.

- Кога нешто објаснувате и зборувате  пожелно е истото да го запишувате на табла или уште подобро да има подготвено PowerPoint презентација или матерјал во електронска форма или верзија во тврда копија.

- Но, неоходно е за сите поважни настани трибини, прес конференции да имате обезбеден овластен толкувач на знаковен јазик




**Едгар Сависар**
Градоначалник на Талин, Естонија и поранешен вршител на должноста премиер

## Контакт со лице со оштетен вид

- При првиот контакт со лице со оштетен вид најважно е Вие прво да се претставите јасно, кој сте, која е Вашата улога, функција и т.н.

- Доколку лицето е со делумно оштетување на видот веднаш треба да најде место во просторијата напред, непосредно до местото од каде луѓето зборуваат, за адекватно следење на кажаното/напишаното.

- Вашите излагања треба секогаш да бидат кратки, јасни, концизни со нормален интензитет и брзина.

- Ако лицето е со целосно оштетување на видот посебен акцент треба да се обрне на ориентација на просторот, да му се подаде рака и да се праша како му е најзгодно за движење во пар и заедно.

- Движете се, покажувајќи му го просторот и допирајќи ги сите предмети во него и секако проследено со зборување, на пример, ова се наоѓа од твојата лева страна итн. (Ова се однесува и за лицата со потешка слабовидост).

Со ова Вие ја стимулирате и физичката активност кај овие лица бидејќи поради недостатокот на визуелна перцепција ваквата активност е значително намалена.

- Совладувањето на просторот и ориентацијата во него, не е краткотраен процес па затоа Вие во недостаток на личен асистент, можете да задолжите еден член од групата/партијата, да работи со лицето со оштетен вид и да му дава постојана поддрша или да му помага, асистира на лицето се додека ова лице не ангажира свој овластен личен асистент.

- При презентација на некои содржини Вие, користете што е можно повеќе аудитивни и тактилни помагала за лицето со оштетен вид што е можно повеќе тактилно да го опсервира предметот или обсервацијата која е предмет на обработка.

- Неоходно е за лицата со целосно оштетување на видот да имате електронска верзија на содржината која е предмет на расправа или обработка бидејќи тие за учење користат сопствен компјутер со инсталиран читач на говор од екран на македонски јазик или друг јазик кој го говори лицето.

- За слабовидите лица, подгответе материјал со зголемен фонт на букви и дадени теми со покрупни печатни букви (прашајте го лицето кој фонт на букви одговара на неговиот степен на оштетување, слабовидоста сама по себе има варијации).

- Иницирајте достапност во седиштето на партијата барем на еден компјутер со инсталирана звучна програма читач на говор од екран на македонски јазик, а за лице со долумно оштетен вид набавете лупа повторно со консултација со лицето која е најпогодна и најапликативна за неговиот степен на оштетување.

- Сите соопштенија освен што ги објавувате на огласната табла гласно повторувајте ги после секоја средба и секако објавувајте ги редовно на web страната на партијата.

# Контакт со лице со телесна попреченост

Прво неколку многу важни општи начела кои намерно не се споменати во општиот бон-тон за оваа група на лица со попреченост на кои треба да се придржувате во контактот со лице со телесна попреченост а тоа се:

- Не дозволувајте при првиот контакт со личноста обземени од доживувањето рефлексијата на визуелната перцепција врз Вас да донесете заклучок дека лицето покрај телесната попреченост задолжително има и интелектуална попреченост. Веднаш со тоа размислување се трудите дури и да го прилагодите Вашиот говор и однесување на „Вашето замислено односно проценето ниво на развој" за оваа личност судејќи само по првиот впечаток.

- При запознавањето не го избегнувајте ракувањето со лице кое има ампутирана рака, квадриплегија (парализа и на горните и на долните екстремитети) или користи протеза наместо рака или шака. Можете да се ракувате со допир, со здравата рака или онака како што и е најдобро на личноста со попреченост.

- Ако разговарате со личност која е корисник на инвалидска количка подолго време, седнете и Вие за да можете да се гледате во очи и секако да бидете на иста висина за тој /таа да не се напрега за да Ве гледа во очи.

- Лицата со телесна попреченост во најголем процент се лица со комплетно зачувани интелектуални способности и капацитети и поради тоа не бараат некоја посебна адаптација на содржини или материјали туку бараат адаптации на оптималните просторни усливи во пред просторот/седиштето на партијата и внатре во самиот простор каде што се одржуваат партиските собири:

- Комплетно пристапен надворешен простор пред седиштето на партијата решен со рампа  изградена по сите норми и стандарди за градба и обезбедува непречен влез на инвалидска количка што значи дека лицето нема да треба да помине ни еден најмал архитектонски праг, а камоли скала.

- Комплетно пристапен внатрешен простор решен со поставен лифт кој оди до најгорните катови на зградата.

- Еден комплетно пристапен тоалет по сите норми и стандарди за градба кој ќе обезбеди непречен влез на инвалидска количка што значи дека лицето нема да треба да помине ни еден најмал архитектонски праг, а камоли скала.

- Секаде каде што постојат скали во објектот да бидат поставени и ракофати.(држачи).

Што лидерите на партиите можат да сторат кога некои од овие услови за пристапност не се задоволени?

Освен што континуирано заедно со лицата со попреченост ќе се борат седиштето на партијата по секоја цена да ги задоволи сите критериуми по однос на пристапноста на целиот објект тие можат да обезбедат и:

- Сите настани во седиштето на партијата да се одвиваат на долниот кат,

- Да се одбере сала за состаноци чија широчина на врата ќе ги задоволува стандардите за влез на инвалидска количка и во неа да има доволно простор за маневрирање со било кое помагало (влегување, излегување, разминување)

- Доколку е неопходно за некое лице поради природата на телесната попреченост да се набави специјален стол и клупа за следење на состаноците  тоа веднаш да се стори,

- Да се води сметка на катот да има пристоен тоалет (во услови на недостаток од адаптиран) кој барем со поддршка од друго лице, лицето со телесна попреченост ќе може секојдневно да го користи,

- Секогаш во првите редови да се остави простор за инвалидска количка, тие редови да бидат со помалку столчиња за непречено маневрирање и со секое друго ортопедско помагало,

- Во недостаток на личен асистент за совладување на сите пречки во однос на физичката непристапност на објектот можете да задолжите еден член од групата/партијата, привремено да биде личен асистент додека не се најде овластен личен асистент и Вие можете да го наградите лицето кое се нафатило да биде поддршка,

- Не диктирајте, секогаш имајте печатена верзија од материјалот бидејќи одредени категории на лица со телесна попреченост имаат проблеми со развојот на моториката на горните екстремитети и тоа фината моторика, онаа на прстите и многу бавно пишуваат.

- Компјутерот секогаш користете го како алтернативна форма за пишување,  дозволете негово хардверско и софтверско адаптирање,

- Сите соопштенија кога ќе ги објавувате на огласната табла трудете се да ги закачите во висина на инвалидска количка или пак и самата огласна табла прилагодете ја на таа висина и секако објавувајте ги редовно на web страната на партијата.

- Кога партијата согласно програмата има работа на терен надвор од просториите  немојте во никој случај да го ослободите/исклучите лицето со попреченост туку најдете адекватна просторија за изведување на активноса која во целост ќе ги задоволи потребите на лицето со попреченост.

- Ова важи за сите типови на попреченост не само за телесната попреченост но истакнато е тука токму поради фактот што ова лице  мора да вложи поголем физички напор за следење на активноста/настанот, а телесната попреченост во никој случај не останува незабележана.

## Контакт со лице со интелектуална попреченост

- Треба да се употребуваат материјали кои ќе бидат многу интересни и ќе го задржат вниманието на лице со интелектуална попреченост.

- Излагања треба секогаш да бидат кратки, конкретни, јасни, со употреба на едноставни термини и поими.

- Методите на демонстрација и покажување треба постојано да се применуваат, содржината или дадена тема треба да се повторува повеќе пати со цел полесно и побрзо да се запомни и усвои.

- Во почести случаи усната проврерка од страна на предавачот секогаш да се прави со покажување, набројување на поими или објаснување со поедноставни операции, поими (користење на слики,сликовити прикази и други помошни средства).

## Политичари со попреченост во РС Македонија

Овој пасус од прирачникот, на наше искрено жалење, ќе биде релативно краток, поради тоа што во нашата држава нема политичари со попреченост на високи функции. РС Македонија години наназад не обезбедува реални услови за поголема инклузија на лицата со попреченост во политиката, повеќе или помалку политичките партии се затворени и скептични за соработка токму со овие лица. Се надеваме дека овој прирачник ќе послужи како позитивен пример и отворање на нови можности за поголема инклузија на лицата со попреченост пред сè во општествениот, а понатаму и во политичкиот живот.

# ПРЕПОРАКИ ПРИОРИТЕТИ ЗА СИСТЕМСКИ РЕШЕНИЈА

- Владата треба да преземе мерки и активности во насока кон усогласување на правната рамка во земјата со одредбите на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, особено измените на Уставот и другите закони што ќе ги отстранат основите за дискриминација во смисла на изборно право на лица на кои им е одземена деловна способност.

- Владата, во најкус можен рок, треба да спроведе попис на населението, а на листите за следниот попис треба да има колона во која ќе бидат вклучени граѓаните со попреченост, вклучувајќи ги и нивните податоци (пол, род, националност, вид на попреченост и возраст).

- Релевантните министерства треба да подготват регистар на лица со телесни, визуелни, аудитивни, интелектуални и психо-социјални пречки, а во следниот попис да бидат евидентирани.

- Политичките партии да вклучуваат лица со попреченост во своите редови, како и во своите органи.

- Политичките партии треба да се грижат за застапеноста на кандидатите со попреченост на сопствените листи на кандидати за избори.

- Политичките партии во своите програми треба да вклучуваат политики кои ги унапредуваат правата и можностите за лицата со попреченост.
Во изработката на политиките да ги консулираат и вклучуваат лицата со попречност и нивните организации.

---

[9]Правото на глас на лицата со попреченост мониторинг на парламентарни избори 2020 г Автори: Благица Димитроска, Татјана Арсовска Скопје, јануари 2021 г.

- Политичките партии треба да обезбедат достапност на нивните политички канцеларии, кампањи, интернет страници и политички програми, со што ќе се почитува принципот на еднакви можности за лицата со попреченост да учествуваат во политичкиот живот.

- Секоја политичка партија треба да се осигура дека печатените, електронските и видеоматеријалите кои се користат за кампањи се подготвени во согласност со стандардите за пристапност (толкување со знаковен јазик, титл и аудио).

- Да се остварува поголема соработка помеѓу политичките партии и организациите на лицата со попреченост, особено при изработка на предизборните програми и дизајнирањето на кампањите.

- Политичките партии да преземат активности за мотивирање на лицата со попреченост и нивните претставници за вклучување во политичкиот живот (како вклучување на кандидати со попреченост на листите за избор на пратеници и советници, подготовка на достапни политички програми за сите гласачи со кои ќе ги информираат гласачите со попреченост, средби со здруженија на лица со попреченост итн.)

- Претставниците на политичките партии (лицата одговорни за комуникација со јавноста, носителите на одлуки, креаторите на политики) да посетуваат обуки за комуникација, пристап и политики за лица со попреченост, за да се подобри изборниот пристап за лицата со попреченост и спроведување на достапни политички кампањи.

- Политичките партии треба да обезбедуваат толкување на знаковен јазик на своите политички собири, ТВ дебати, митинзи, конвенции и други политички настани.

**Прирачникот е изготвен во рамки на проектната иницијатива – „Инклузија на лицата со попреченост во политиката“, предводена од Лидија Ѓорѓевиќ – Обединета младина за Македонија (политичка партија Обединети за Македонија)**

Оваа проектна иницијатива е поддржана од Support to Electoral Reforms (Поддршка на изборни реформи), Swiss Agency for Development and Cooperation SDC, Национален Младински Совет на Македонија – НМСМ и IFES.

**Авторки на прирачникот:**

**Даниела Стојановска Цинговска** - лице со телесна попреченост
Високо образование VII 1 Дипломиран Дефектолог - Специјален едукатор и рехабилитатор

Искусна ораторка која долги години се занимава со проблематиката на лицата со попреченост. Вработена во фондот за здравствено осигурување како советник на директорите во областа за ортопедски помагала. Во нејзината кариера може да се пофали и со позицијата претседателка на здружение за студенти со попреченост. Одлично ја познава проблематиката на лицата со попреченост, како од професионален така и од политички аспект.

**Сандра Пешевска Мицковска** - комбинирана сетилна попреченост, оштетување на слух и оштетување на вид. Високо образование, Дипломиран сликар - графички дизајн

Долги години работи на проблематиката која ги опфаќа лицата со попреченост. Одлично е запознаена со сите категории на попречености коишто постојат. Нејзина специјалност е правењето на добра стратегија како лицата со попреченост да бидат активно вклучени во општеството и секојдневните активности а понатаму и во политиката.

**Дизајн на прирачникот:**

**Ѓорѓи Станковски**
Портфолио:
www.behance.net/stankovski
контакт: gjorgjimkd@gmail.com

изработено: Мај,2021

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

Disclaimer: Овој производ е изработен во рамки на проектот „Поддршка на изборни реформи“ на Швајцарската амбасада/Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), имплементиран од ИФЕС и НМСМ. Искажаните ставови, мислења и содржини во овој производ не ги отсликуваат оние на донаторот, проектот или имплементаторите.

